**20090520881**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за минерални суровини,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 април 2009 година.

Бр. 07-1880/1
16 април 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија“ број 88/2008), во членот 45 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Започнатите постапки за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини за концесионерите кои имаат концесии за детални геолошки истражувања и имаат склучено договори за концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини согласно со одредбите од Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија“ број 18/99 и 29/2002), ќе завршат согласно со членот 29 од Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија“ број 24/2007 и 88/2008)."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.